# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО **ГОВОР НА ОМРАЗА** ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ И СПРОТИВСТАВИ СЕ! ПРИЈАВИ И С






ANALIZË E GJENDJES PËR GJUHËN E URREJTJES NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

ANALYSIS OF THE SITUATION WITH HATE SPEECH IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО **ГОВОР НА ОМРАЗА** ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




Скопје, Август 2015 година

„Анализа на состојбите, заштитата и можностите за превенција од говорна омраза во Република Македонија“ е активност во проектот: „Интернет-платформа за мапирање и следење на говорот на омраза во јавниот простор и медиумите“. Проектот е финансиски поддржан од страна на Националниот фонд за демократија, со седиште во Соединетите Американски Држави. Одговорноста за податоците и ставовите изнесени во оваа анализа се на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија.

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседател проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредници:**
Проф. д-р Љубомир Данаилов-Фрчковски,
Правен факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
професор по меѓународно право и меѓународни односи

Уранија Пировска,
извршна директорка на Хелсиншки комитет за човекови права на РМ

**Автори:**
М-р Христина Шулевска, правна советничка
М-р Јасмина Голубовска, политичка аналитичарка
Вики Младенова, политичка аналитичарка
Сања Барлаковска, правна советничка

**Лектура:**
Дејан Василевски

**Графички дизајн:**
Студио КРУГ

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.625:316.613.434]:340.13

АНАЛИЗА на состојбата со говор на омраза во Република Македонија / [автори Христина Шулевска ... и др.]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човековите права во Република Македонија, 2015. - 30, 30, 30 стр. : граф. прикази ; 21 см

Текст на мак., алб. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: “Интернет-платформа за мапирање и следење на говорот на омраза во јавниот простор и медиумите”. - Автори: Христина Шулевска, Јасмина Голубовска, Вики Младенова, Сања Барлаковска. - Библиографија: стр. 28-29 ; Bibliografia: стр. 29 ; Bibliography: стр. 28-29. - Содржи и: Analizë e gjendjes për gjuhën e urrejtjes në Republikën e Maqedonisë; Analysis of the situation with hate speech in the Republic of Macedonia

ISBN 978-608-4790-07-5
1. Чулевска, Христина [автор]
а) Говор на омраза - Правна регулатива
COBISS.MK-ID 99404810

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
Тел: +389 (0)2 3119 073
Факс: +389 (0)2 3290 469
Веб: www.mhc.org.mk
Е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 5
1. Меѓународното право и стандарди за заштита од говорот на омраза ... 7
2. Законска рамка и механизми за заштита од говор на омраза во Република Македонија . 17
3. Примери на говорот на омраза во Република Македонија ... 21
ЗАКЛУЧОЦИ ... 27
ПРЕПОРАКИ ... 28
Користена литература ... 29

Кратенки:

ВЈО – Вишо јавно обвинителство
ЕКЧП – Европска конвенција за човекови права
ЕСЧП – Европски суд за човекови права
ЕУ – Европска унија
ЈО – Јавно обвинителство
КЕРД – Комитетот за елиминација на расна дискриминација
КЗ – Кривичен законик
КЗД – Комисија за заштита од дискриминација
ЛГБТИ – Лезбијки, геј-мажи, бисексуалци, трансродни, интерсекс-луѓе
МРТ – Македонска радио-телевизија
МВР – Министерство за внатрешни работи
ОЈО – Основно јавно обвинителство
ООН – Организација на Обединети нации
САД – Соединети Американски Држави
СЕ – Совет на Европа

# ВОВЕД

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија го спроведе проектот „Интернет-платформа за мапирање и следење на говорот на омраза во јавниот простор и медиумите“. Дел од активностите на овој проект што Хелсиншкиот комитет треба да ги спроведе се однесуваат на набљудување, бележење и известување за говор на омраза во јавниот простор и медиумите во реално време.

- Бележење говор на омраза, на локално и централно ниво, преку волонтери на платформата www.govornaomraza.mk;

- Кампања за промоција на платформата; и

- Анализа и препораки за превенција од говорот на омраза и борба со него.

Последната активност или анализата овозможува преглед на состојбите во Република Македонија и пристапот до правда за жртвите на говор на омраза. За потребите на анализата беше составен правно-политички истражувачки тим кој ги анализираше собраните податоци и воедно обрна внимание на меѓународното и националното законодавство, како и потребата за нивно консолидирање во оваа област. Согласно методологијата, користени се квалитативни и квантитативни методи за собирање податоци и мултидисциплинарен пристап со цел да се одговори на поставените тези-прашања:

1. Дали Република Македонија има јасна и дефинирана правна рамка за говор на омраза?

2. Дали граѓаните имаат пристап до ефикасни и ефективни механизми за заштита од говор на омраза?

Понатамошниот текст се однесува на методите на истражување и кратката содржина на обработените поглавја во оваа анализа.

## КВАЛИТАТИВЕН МЕТОД

Метод: Правно истражување

Квалитативниот метод на собирање податоци се темели на собирање и анализирање на правни истражувања, законската регулатива, меѓународни и национални извештаи од меѓународни и национални институции/организации. Правниот тим направи анализа на податоците, изработи отворени прашања и понатаму ги достави до надлежните институции во форма на прашалник, врз основа на правото на информации од јавен карактер, а согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во однос на меѓународното и национално законодавство, опфатени се сите релевантни меѓународни конвенции, уставни и законски основи што ги опфаќаат правото на слободно изразување, забраната за говор на омраза и недискриминација. Притоа, утврдени се потребите за консолидирање на постојната правна рамка со меѓународните норми и стандарди што се однесуваат на говорот на омраза, особено потребата за појасно дефинирање на феноменот на говор на омраза.

## КВАНТИТАТИВЕН МЕТОД

Метод: Изработка и дисеминација на прашалници

Подготвените прашалници беа доставени до надлежните институции и согласно добиените одговори направена е анализа на податоците од кои произлегуваат препораките за подобрување на законската рамка за заштита од говор на омраза, но и за подобрување на ефикасноста во заштитата на жртвите на говор на омраза. Истражувачкиот тим достави прашалници до институциите што се надлежни да ги заштитат жртвите на говор на омраза, но и да превенираат говор на омраза. Оттука, прашалници беа доставени до: Министерството за внатрешни работи на Република Македонија (во понатамошниот текст МВР), Основните јавни обвинителства (вкупно 20 прашалници) и Основните судови на територијата на Република Македонија (вкупно 24 прашалници), апелациските судови (вкупно 4 прашалници) Врховниот суд на РМ и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Покрај изготвувањето и доставувањето на гореспоменатите прашалници, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија во текот на изминатата година собираше податоци од теренската работа на волонтерите, што е прикажана на платформата за бележење говор на омраза www.govornaomraza.mk и индивидуалните пријави од граѓаните. Согласно податоците собрани во 20 поголеми градови и околни региони, констатирани се најчестите основи за говор на омраза, како и нивната поврзаност со општествено-политичките случувања. Пресекот на податоци е направен во времетраење од 16 месеци или од 01.04.2014 до 31.07.2015 година.

СОДРЖИНА НА ПОГЛАВЈА

Поглавје 1: Првото поглавје се осврнува на меѓународното законодавство и дефинирањето на терминот *говор на омраза* преку примери на судската практика на Европскиот суд за човекови права. Опфатени се и методите со кои се овозможува согледување на разликата помеѓу говорот на омраза и слободното изразување, преку кои може појасно да се направи дистинкција, особено во судски постапки за говор на омраза.

Поглавје 2: Второто поглавје прикажува краток историски осврт на говорот на омраза третиран во Кривичниот законик на Република Македонија и севкупниот опфат на законодавството и институциите што треба да овозможат соодветна заштита на граѓаните од говорот на омраза.

Поглавје 3: Третото поглавје се однесува на процена на говорот на омраза во Република Македонија и функционалноста на законите и механизмите за заштита од говор на омраза. Во ова поглавје се анализирани прибраните податоци од прашалниците доставени до судови и институции, како и податоци од говорот на омраза од платформата. Воедно, ова поглавје ги обработува и одговорите на поставените тези и заклучоци за состојбите во Република Македонија.

Заклучоци и препораки: Согласно констатираните состојби, правно-политичкиот тим изработи заклучоци и препораки за превенција и справување со говорот на омраза во Република Македонија. Препораките се однесуваат на потребата од подобрување на националната законска рамка, санкциите и пристапот до правда преку судскиот систем и независни механизми за заштита од говор на омраза.

Анализата, заклучоците и препораките ќе бидат доставени до сите релевантни институции и тела со цел да се обрне поголемо внимание на феноменот, како и можните превентивни мерки што државата треба да ги преземе со цел намалување или искоренување на овој општествен проблем.

# 1. МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА ОД ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Правните и политичките огледи за говорот на омраза, во основа, се генерираат за време на воениот период или, конкретно, геноцидните активности на нацистичка Германија кон Евреите и холокаустот, односно користењето на јазикот во обидите да се дехуманизира и десубјективизира конкретна група застапена во германското општество – еврејската.[1] Имено, низ пропаганда и политички пораки против Евреите, современите перспективи упатуваат на врската помеѓу користениот говор со цел да деградира, дискриминира и исклучи конкретна група и физичките стратегии во остварувањето на таа цел. На таа линија, опасноста од говорот на омраза и неговата претходница на сторување на масовни злосторства (mass atrocities) е јасна и во случајот на извршување геноцид во Руанда, односно пропагандата[2] што ја употребуваа Хуту против Тутсите (за време на конфликтот во Руанда, 1994 година).

Механизмите што беа воспоставени во поствоениот период, а беа во насока на заштита и гаранција на човековите права, иницираа понатамошни обиди, на меѓународно ниво, во борба против сите облици на кршење на принципите на достоинство и еднаквост, нетолеранција, антисемитизам, дискриминација, расизам. Дополнително, новите трендови во однос на говорот на омраза се поврзуваат со трансформација на расизмот во форми на нов т.н. културен расизам, поврзан со повредите по основа на различни културни практики што на некој начин се ценат како инфериорни или како закана (на пример: женското обрежување).

Широките политички алијанси што во своето создавање ја имаа добрата волја во таквата борба, какви што се Организацијата на Обединетите нации (ООН) и Европската заедница (подоцна Европската унија/ЕУ), воспоставија механизми што се значајни во заштитата и спречувањето на кршењето на човековите права и слободи, а истовремено се од значење за темата – говор на омраза.

### *Дефиниција и потребата од балансирање при поставување забрани*

На линија на прецизно посочување на заштитните механизми преку меѓународното право и меѓународните стандарди, потребно е да се наспомене дека: 1) не постои единствена и конечна дефиниција за тоа што е говор на омраза; и 2) говорот на омраза како посебен институт, често, влегува во вакуум-простор помеѓу различни права и нивно толкување (како, на пример: правото на заштита од дискриминација и слободата на говор), така што во делот на заштитата особено значајна е улогата на судовите. Оттука, во првиот дел и непостоењето на единствена и конечна дефиниција за тоа што е опфатено со институтот *говор на омраза*, а од аспект на меѓународното право и меѓународните стандарди, може да се земе предвид дефинирањето на говорот на омраза содржано во Препораката 97(20) за говор на омраза усвоена од страна на Комитетот на

[1] Историјата на погромите на малцинските етнички заедници во Европа е долга и полна со дела од и говор на омраза, но регулацијата на забраната е од понов датум, односно по Втората светска војна, и е во процес на развој до денес

[2] Од страна на Меѓународниот кривичен суд на ООН, за Руанда беа донесени пресуди против тројца медиумски работници за медиумската кампања, што се водеше за време на конфликтот во 1994 година во Руанда. Имено, во 1993 година, радиостаницата „Radio Television Libre des Mille Collines“ повика на „конечна војна“ за „истребување на бубашвабите (Тутсите)“, а за време на геноцидот, кога беа убиени 800.000 Тутси, од оваа радиостаница беа емитувани листи со имиња на луѓе кои треба да бидат убиени и локациите каде да се најдат.

министри во рамки на Советот на Европа (СЕ), каде што терминот *говор на омраза* е дефиниран како „секоја форма на изразување што шири, иницира, промовира или одобрува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза базирани на нетолеранција, вклучувајќи ги и нетолеранцијата изразена низ агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и луѓе со имигрантско потекло“. Дополнително, и со цел да се појасни овој институт, може да се поместат и некои доктринарни дефиниции на говорот на омраза како: „Говорот на омраза е вид говор што се употребува за да се навреди намерно индивидуата или, пак, расната, етничката, религиската и друга група. Тој носи порака за инфериорност на членовите на историски потиснувана група и осудува, понижува и е полн со омраза“ (Коен-Алмагор, 2006); „Сите расистички, ксенофобични, хомофобични и поврзани деклинации на идентитетско-напаѓачко изразување би можеле да се подведат под поимот на говор на омраза“ (Мекгонагл, 2001). Додека вториот дел и потребата од балансирање се однесуваат на тоа што институтот *говор на омраза* прави расцеп во сетот фундаментални права, предизвикувајќи ги првично индивидуалноста (низ слободата на говор) и еднаквоста (низ правото на заштита од дискриминација) како пилари на либералните општества. Овој расцеп или, попрецизно, потреба од правење приоритети на вредности во контекст, низ перспектива на воспоставените меѓународни стандарди, добро се согледува во пристапот кон говорот на омраза од различни земји, односно различни правни традиции (на континентално и прецедентно право).

Значајно е говорот на омраза, како институт, да се одвои од вообичаеното „говорење со омраза“ во врска со некои актуелни политички теми или кои било теми од јавната сфера, затоа што посебниот третман на говорот на омраза, од аспект на заштитата, е различен од третирањето на другиот вид на абразивен говор и следственото дејствување (каков што е примерот со навредата, клеветата и (ин)директната дискриминација). Имено, заштитните механизми кај говорот на омраза се дизајнирани да заштитат прецизирана листа од фундаментални или неменливи идентитетски особини на секоја индивидуа што ја сочинуваат она суштинска повеќеслојност на идентитетот што не може да се замени и покрај концептите на „влез“ и „излез“ од културата. Токму тој дел од идентитетот на индивидуата ги создава врзувачките врски (binding ties) кон определена група која има споделен систем на вредности, што воедно го рефлектира и односот што се гради кон нејзиното јаство. Напомената околу разликувањето во заштитата кај говорот на омраза, за разлика од другите видови на абразивен говор, е значајна бидејќи овој институт не заштитува други особини на индивидуата што можат да бидат цел на омраза, а истовремено се менливи и зависни од различните животни околности на избор на индивидуата. Во таа смисла, фундаменталните особини што се заштитени од говорот на омраза се: раса, религија, јазик, етничка припадност и национално потекло, телесна и ментална попреченост, сексуална ориентација и/или родов идентитет. Таквата листа на заштитени фундаментални особини на индивидуата што можат да бидат повредени со говорот на омраза е нужно затворена и кон неа не треба да се додаваат и другите можни идентитетски особини што се менливи (како политичката афилијација, брачниот статус, нивото на образование, социјалната положба). Таквата нужност произлегува од посебноста на говорот на омраза во однос на другите видови на абразивни говори што не ја повредуваат идентитетската кохерентност на индивидуата на ист начин, како и од потребата од тоа заштитата од говорот на омраза да биде нормативно јасна и ефективна. Конечно, и покрај отсуството на единствена дефиниција и ригидност во поимањето на овој институт, јасната дистинкција од другите видови на абразивни говори преку повредата што може да се стори, го имплицира

третманот на заштита на фундаменталните идентитетски особини што има цел и смисла само кога таквата листа на особини е ригидно затворена и тоа е соодветно нормирано.[3]

На линија на посебноста на повредата што се сторува со говорот на омраза, пак, се потенцира и оној однос на негативно превреднување на достоинството на индивидуата, при што таквиот однос се одразува во личната почит и самоперцепцијата. Тоа значи дека со говорот на омраза се наметнува позиција на индивидуата во која таа е инфериорна и помалку значајна како човеково битие, и тоа на политичко, правно, културно, социјално рамниште. Оттука, кога се толерира овој говор со лоша политичка волја, но и со дефокусирано законодавство и следствено таква судска практика, во општеството опстојува „култура на насилство" што ги разградува општествените односи и наметнува позиции на моќ – штетни за „цивилната плетка". Всушност, неказнивата присутност на говорот на омраза и опасноста од изложување на насилство на можните жртви упатуваат на тоа дека фундаменталните особини на индивидуата, како и групата на која припаѓа индивидуата и со која ги споделува таквите особини, се повредливи и тоа генерира извесна „историја на опресија" на групата.

Од друга страна, таква историја на опресија на групата не се генерира со друг вид на нееднаков третман на индивидуата преку абразивен говор и дејства какви што се навредата, клеветата и дискриминацијата. Говорот на омраза и инкриминацијата на овој абразивен говор е различен од навредата, клеветата и дискриминацијата токму поради тоа што со овие дела не се повредува индивидуата на ист начин и со ист ефект врз нејзината идентитетска ситуираност. Тоа значи дека кај навредата, клеветата и дискриминацијата повредата на индивидуата е поинаква, или можеби и полесна, и различно треба да се третира од правен и политички аспект.

Така, кај клеветата и навредата, пред сè од правен аспект, треба да се наспомене дека тие најчесто имаат граѓанско-правен третман, додека говорот на омраза има кривично-правен третман. Таквото нормативно позиционирање на говорот на омраза, истовремено, значи и политичка подготвеност на општеството да осуди таков вид однос кон одредена група или индивидуа која ѝ припаѓа според нејзините фундаментални особини. Токму изземањето на фундаменталните карактеристики, кога станува збор за клевета и навреда, во случаи кога индивидуата има повредени чест и углед, односно кога е изложена на омаловажувачки третман и изнесување невистини за неа, значи дека индивидуата е нападната изолирано од нејзината припадност на групата и идентитетската поврзаност. Затоа, доколку се стори истата повреда на честа и угледот на индивидуата, со намера да се нападне идентитетска поврзаност со групата на која припаѓа, тоа претставува отежнувачка околност во казнувањето на таквиот однос, бидејќи се третира како говор на омраза, а не клевета или навреда.

Разликувањето од дискриминацијата, пак, создава и почетно препознавање на говорот на омраза, со оглед на тоа што дискриминацијата е инхерентна на говорот на омраза. Имајќи го предвид дефинирањето на дискриминацијата како „различен третман на индивидуата, што вклучува неразумни класификации и подвојувања во даден правен контекст" (Фрчкоски Љ. Д., 2012), може да се констатира таквата вовлеченост на дискриминирањето при практикувањето на говор на омраза. Така, „неразумните класификации" се изведуваат од идентитетската припадност на индивидуата, додека „подвојувањата во даден правен контекст" се наметнуваат со говорот на

---

[3] Најчеста грешка кај еуфоричните решенија за правни заштити и експертите кои ги заговараат нив, е да се создаде листа на заштитени особини од говорот на омраза што е отворена и кон која се придодаваат и други особености. Оттука, правната последица е дефокусирање на заштитата, односно губење на фокусот и смислата на заштитеното добро и обесмислување на правната норма, а кон тоа и нејзина неефективност. Токму таква грешка има во македонскиот Кривичен законик, во деловите што се однесуваат на казнувањето и превенирањето на говорот на омраза.

омраза како нејзини инфериорни позиции. Но, иако дискриминацијата е инхерентно содржана во говорот на омраза, сепак потребно е јасно посочување на повредата што се одмерува како потешка со користењето и ширењето на говор на омраза, особено имајќи предвид дека листата со особини на индивидуата според кои таа може да биде дискриминирана е отворена и поширока од само листањето на фундаменталните идентитетски особини, посочени претходно.

### *Организација на Обединетите нации*

Со цел да се направи добар преглед на заштитните механизми што имплицитно се однесуваат на говорот на омраза, односно на развојот на прецизни механизми во негова превенција, првично ќе бидат посочени оние што се воспоставени во рамки на ООН. Како такви, Универзалната декларација за човекови права (1948), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966) (заедно со Комитетот за граѓански и политички права што работи врз основа на пактот), Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН (1965) (заедно со Комитетот за елиминација на расна дискриминација што работи врз основа на конвенцијата/ КЕРД), во себе ги содржат гаранциите и заштитата на слободата на изразување (или пошироко – слободата на говор), но истовремено ги содржат и забраните за оние форми на злоупотреба на говорот и изразувањето што се во насока на поттикнување и ширење омраза и дискриминација кон различна идентитетска група, повици за насилство и непријателство.

Таквите истовремени гаранции на слободата на изразување, но и забрани при злоупотребата на оваа слобода кога се изразуваат омраза и насилство, застапени во механизмите на ООН, добро се објаснуваат со заклучокот на Комитетот за човекови права во врска со пресудата Faurisson v. France (Human Rights Committee, Faurisson v. France, Communication No. 550/1993, 8 November 1996). Имено, професорот Форисон од Франција имал ревизионистички ставови во однос на холокаустот и стратегиите на Германците во истребувањето на еврејското население, при што е осуден според „Gayssot Act“, според кој е казниво негирањето на холокаустот и оспорувањето на сторени злосторства против човештвото. Комитетот се надоврзува на пресудата, ценејќи дека во овој случај рестрикцијата на слободата на изразување е оправдана со член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (став 3, а) и дека „изјавите на (авторот) Форисон, во својата целост, се со таква природа да ги зајакнат антисемитските чувства“ и дека како последица „оваа рестрикција (на слободата на изразување) послужи како почит кон еврејската заедница и нејзиниот живот ослободен од страв и атмосфера на антисемитизам“.[4]

Во сличен манир, и Комитет за елиминација на расна дискриминација, ценејќи го случајот низ опсегот на важење на член 4 од КЕРД, даде свое мислење во врска со случајот Jewish Community of Oslo et al. v Norway[5], кога за време на комеморацијата на нацистичкиот лидер Рудолф Хес бил одржан говор од страна на група насловена „Bootboys“. Во врска со овој случај, Комитетот оцени дека „принципот на слобода на говор може да си дозволи пониско ниво во случаи на расистички и говор на омраза“ и дека генералната препорака 15 на Комитетот јасно ја содржи забраната на сите идеи базирани на расна супериорност или омраза и е компатибилна со правото на слобода на изразување на мислење. Во врска со овој случај, Комитетот одлучи дека „идеите базирани на расна супериорност и омраза (...) посочувањата на Хитлер и неговите принципи и ’чекори‘ мораат

---

[4] Цитирано кај Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, 2009.
[5] Committee on the Elimination of Racial Discrimination, Jewish Community of Oslo et al. v Norway, Communication No. 30/2003, 15 August 2005, para. 10.5.

да се третираат најмалку како поттик на расна дискриминација, ако не на насилство“, односно посочи дека со оваа одлука на Врховниот суд, Норвешка го прекршила член 4 од КЕРД.[6]

### *Совет на Европа и Европска унија*

Правниот систем на ЕУ и СЕ, за разлика од оној опфатен низ функционирањето на ООН, е сличен во однос на говорот на омраза, иако во рамки на механизмите на ЕУ, а од аспект на говорот на омраза, се посочуваат повеќе права што се во меѓусебна колизија кога станува збор за овој институт. Имено, говорот на омраза, во овој случај, е во вакуум помеѓу гаранциите, забраната и толкувањето на повеќе права, почнувајќи од претходниот судир помеѓу слободата на изразување и правото на заштита од дискриминација, дополнително и правото на верско уверување, па дури и правото на приватност, имајќи ја предвид, од една страна, изразената мултикултурна структура на ЕУ, а, од друга страна, фундаменталната позиционираност на сите овие права. Оттука, значајна да се напомене е улогата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) како авторитет што може да придонесе кон балансирањето на овие права, а истовремено и во корист на соодветното казнувачко третирање и превенцијата на говорот на омраза. Во секој случај, основниот механизам што има обврзувачко правно дејство за државите-членки на ЕУ и СЕ, низ кој се третира говорот на омраза и имплицира понатамошно развивање на други механизми што попрецизно ќе го опфаќаат овој институт, е Европската конвенција за човекови права на ЕУ (ЕКЧП) (1950) или, попрецизно, член 10 од неа. И покрај тоа што со ЕКЧП (член 10) се гарантира слободата на изразување, односно на мислење, преземање и примање информации, исто така содржи и обврски и одговорности или ограничувања при остварувањето на ова слобода. Од толкувањето на овој член потекнуваат критериуми според кои ЕСЧП може да утврдува дали е оправдано ограничувањето на слободата на изразување или не, имајќи предвид дека ЕСЧП во работата со случаи што тангираат говор на омраза користи два пристапа, и тоа преку: 1) член 17, со кој се забранува злоупотреба на сите права гарантирани со ЕКЧП, и 2) член 10 и параграф 2, како и член 11, што се однесуваат на слободата на изразување и ограничувањата:

- предвидувањето на прецизни законски ограничувања при слободата на изразување, така што ќе се избегне непостоењето на правна основа за тоа и арбитрарност;

- доколку законски е предвидена слободата на ограничување, тогаш тоа треба да содржи легитимни цели (наведени во параграф 2 од член 10 на ЕКЧП);

- неопходност во демократското општество произлегува од пропорционалноста и пропорционалната мерка на ограничувањето на слободата на изразување.[7]

Последниот критериум во одлучувањето на ЕСЧП или пропорционалните мерки во ограничувањето на слободата на изразување, во голема мера, се однесува на правниот институт „маргина на уважување“, што варира зависно од случаите (така, таа е потесна во однос на случаите на религиозна нетолеранција, а поширока во однос на заштитата на јавните личности), а преку принципот на супсидијарност им дозволува на државите преку националните законодавства и судството да одлучуваат за тоа дали ограничувачките мерки се пропорционални.

Преку случајот Handyside v. the United Kingdom[8], ЕСЧП упатува токму на „маргина на уважување“ со тоа што ја потенцира улогата на националните власти во првичното исполнување на „социјалните

[6] Цитирано кај Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, 2009.
[7] Повеќе види во д-р Елена Михајлова, д-р Јасна Бачовска, м-р Томе Шеќерџиев, „Слобода на изразување и говор на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2013.
[8] Handyside v. the United Kingdom, Application no. 5493/72, Judgment 7 December 1976.

потреби“, каде што се појавува и критериумот на неопходност во демократските општества при одлучувањето на ЕСЧП. Оттука: „не постоеше начин (во овој случај) Судот да го заземе местото на одлучување на компетентен национален суд, туку можеби да ја ревидира одлуката, според член 10, што би била доставена со употреба на нивната моќ на уважување“.[9]

Од друга страна, ЕСЧП не ги зема за дефинитивни објаснувањата и следственото казнување на говорот на омраза од страна на националните судови; напротив, ЕСЧП има развиено „автономен“[10] концепт во врска со овој институт, што не е воден од класификациите на некои национални судови или, уште повеќе, некои од случаите ги класифицира како говор на омраза и кога националните судови не го прават тоа. Таков е случајот Sürek v. Turkey[11], кога ЕСЧП одлучи дека постои употреба на говор на омраза, иако жалителот не бил обвинет за говор на омраза, туку за сепаратистичка пропаганда од страна на националните судови, што оцениле дека не постојат основи за осудување на жалителот за поттикнување омраза. Конечно, најчесто, во своите пресуди, ЕСЧП реферира на „сите форми на изразување што значат ширење, иницирање, промовирање или оправдување на омраза базирана на нетолеранција (вклучувајќи ја и религиозната нетолеранција)“.

На добар и кохерентен начин се надоврзува и практиката на Судот на правдата на ЕУ (Судот), опфаќајќи го на ист начин дискурсот на фундаменталните човекови права со правењето приоритети на вредности во контекст. Тоа значи дека уедначувањето на практиките на ЕСЧП и Судот зацртува и стратешки правци на развивањето на правните традиции на ЕУ во целост. Имено, во дузина случаи, Судот се соочил со случаи што отвораат дилеми во врска со правото на изразување, но случајот „Ферин“[12] го помести балансирањето на правата што се во судир кон конститутивно решение што симболично може да се назначи како „Европско право за правото на изразување“. Имено, овој случај укажа на можноста од тоа правото на изразување да биде пресек на уставните гаранции во националните законодавства на земјите-членки на ЕУ, традиционалните рамки на европското законодавство, пресудите на ЕСЧП и на Судот, односно на хармонизација на бриселските механизми, така што заложбите во борбата против говорот на омраза, а истовремено за правото на изразување, може да почне да се препознаваат како „Европскиот прв амандман“ (по аналогија на Уставот на САД)

И покрај тоа што случајот „Ферин“, каде што еден од директорите на фирмата „Ферин“, господин Паскал Ферин, во интервју за дневниот весник „De Standaard“ зборува за регрутирањето работници кои монтираат врати за нивните клиенти, се третира како случај на дискриминација, исто така овој случај го имплицираше и односот на Судот кон говорот на омраза, особено земајќи го предвид образложението на пресудата. Имено, изјавата на господин Ферин дека клиентите на фирмата што ја води не сакаат Мароканци да влегуваат во нивните домови и да монтираат врати, што значи дека нема да вработат Мароканци во нивната фирма, предизвикала реакција на антирасистичката организација „Центар за еднакви можности и спротивставување на расизмот“, што пристапила кон судско решавање на случајот. Но, за него, од страна на Arbeidsrechtbank (понизок суд во Стразбур) било одлучено дека во јавните изјави на господин Ферин не е содржана дискриминација, туку дека тие изјави може да се искористат како доказен материјал за потенцијална дискриминација. Сепак, со понатамошното процесирање и третирањето на изјавите

[9] Цитирано кај Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, Strasbourg, 2009.
[10] Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, Strasbourg, 2009.
[11] Sürek v. Turkey [GC], No. 26682/95, ECHR, 1999-IV.
[12] Case C-54/07, Centrum voor gelijkheid van kansen en voor racismebestnijding v. Firma Feryn NV, [2008] ECR I, at 5187.

на господин Ферин од страна на Судот, беше одлучено дека говорот на омраза врз основа на раса или расистичкиот говор Судот ги препознава како форма на дискриминација, односно изјавите со кои одредени групи се обесхрабруваат во аплицирањето за работни места поради нивните фундаментални карактеристики претставуваат користење говор со кој се деградираат тие групи. Конечно, значењето на пресудата во случајот „Ферин“ од страна на Судот е тоа што тој ги примени насоките од Договорот за функционирање на ЕУ (член 19)[13], како и Директивата 2000/43/ЕС на Советот на ЕУ за имплементација на принципите на еднаков третман помеѓу луѓето независно од нивната раса и етничкото потекло[14]. Таквиот однос на Судот значително придонесува кон антирасистичките обиди на ЕУ, особено присутни по Договорот од Мастрихт (1992), односно укажува на освестувањето на институциите на ЕУ за тоа дека современиот говор на омраза, всушност, ги одразува расистичките комплекси и поделбите на „Европејци“ и „не-Европејци“, што следуваат и се поттикнати од оние епизоди на европската историја со користењето на абразивен говор против Евреите и Ромите и последиците по овие групи.

Понатаму, овие поделби што во себе содржат расизам (со однос кон овој термин како „чадор“ термин), а поттикнуваат говор на омраза, се дел и од практиката на ЕСЧП, што како случаи на говор на омраза ги опфаќа случаите на говор на омраза врз основа на раса, религија и нација, негирањето (на масовни злосторства; холокаустот), политички говори, говори базирани на тоталитарни доктрини.

Но, за разлика од овие основи што се директно поврзани со расизмот, значајно е да се наспомене дека ЕСЧП до скоро не ги третираше сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет и аспектот на хомофобијата како говор на омраза[15], иако тоа не значи дека хомофобијата не беше препознаена како говор на омраза, како што е случај во документот за Интеркултурен дијалог усвоен на 118-тата сесија на Комитетот на министри во 2008 година. Дополнително, случајот Vejdeland and Others v. Sweden[16] од 2012 година, релативно придонесе кон прецизно изјаснување на ЕСЧП околу тоа дека дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е исто толку сериозна како дискриминацијата врз основа на раса, потекло и боја. Имено, се работи за случај во кој жалителот бил осуден од страна на националните судови за дистрибуирање на стотина летоци во средно училиште како дејство што е навредливо кон хомосексуалците, поради содржината на летоците во кои се наведувало дека „хомосексуалноста има морално деструктивни ефекти на суштината на општеството“, дека е „девијантна сексуална наклонетост“ и оти е виновна за развојот на ХИВ/СИДА. Во врска со случајот, ЕСЧП одлучи дека не постоело прекршување на слободата на изразување (член 10 од ЕКЧП) од страна на Шведска, односно дека правото на слобода на изразување на жалителот разумно му било ограничено од страна на шведските власти како нужност во демократските општества за заштитата на репутацијата и правата на другите.

Од другите механизми што се значајни за правниот систем на ЕУ и СЕ, а се во областа на казнување и превенција на говорот на омраза, значајни се Европската комисија против расизам и нетолеранција (1993), што при набљудувањето го има пристапот „земја по земја“ и тоа значително придонесува во претставувањето на конкретните состојби и препораките за подобрување, Европскиот мониторинг-центар за расизам и ксенофобија (1997), потоа наследен од Агенцијата

[13] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:12012E/TXT
[14] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32000L0043:en:HTML
[15] Забележано во “Homophobia and Discrimination on Grounds of Sexual Orientation in the EU Member States Part I – Legal Analysis” (European Union Agency for Fundamental Rights), June 2008.
[16] Vejdeland and Others v. Sweden, Application no. 1813/07.

за основни права (2007), Европската повелба за човекови права (2000), Рамковната одлука за расистички и ксенофобични кривични дела (2008). Од легислативата на ЕУ и СЕ, пак, важни да се опфатат се следните документи: Препораката (97)20 за говор на омраза усвоена од Комитетот на министри (1997), Препораката (97)21 за медиумите и промоција на културата на толеранција (1997), Декларацијата на Комитетот на министри за слободата за политичка дебата во медиумите (2004), Резолуцијата 1510(2006) за слободата на изразување и почит кон верските уверувања усвоена од Парламентарното собрание (2006), Препораката 1805(2007) за бласфемија, религиозни навреди и говор на омраза кон лица врз основа на нивната религиозна припадност (2007), Генералната препорака 7 за националното законодавство во борбата против расизмот и расната дискриминација на ЕКРИ (2002).

### *Различен пристап кон говорот на омраза*

Водејќи се од меѓународните механизми, националните законодавства олеснето го решаваат нормирањето на казнивоста и понатаму превенцијата на говорот на омраза, имајќи ги предвид претходно поставените меѓународни стандарди во третирањето на овој институт, што понатаму на различен начин се преточени во казнените закони, законските решенија за спречување дискриминација и заштита од неа, законските решенија за спречување на повредата на еднаквоста, законските решенија за спречување на ширење на верска, расна, етничка и национална нетолеранција и непријателство или, конечно, како посебни и специфицирани законски решенија за говорот на омраза (вклучително и говорот на омраза во киберпросторот). Сепак, зависно од законодавството, а особено и од правосудството на различни земји, тие имаат развиено и различни пристапи кон говорот на омраза, односно припаѓаат на различни правни системи или европскиот, базиран на континенталното право, и американскиот, базиран на прецедентното право. Така, основната поделба на земјите, остварена преку различните пристапи кон овој институт, е правната, судската и политичката позиционираност на Соединетите Американски Држави (САД) наспроти останатите држави. Имено, оваа поделба е втемелена во американскиот однос кон слободата на изразување, гарантирана со толкувањето на првиот амандман на Уставот на САД, што „обезбедува дека Конгресот нема да донесе закон што ја скратува слободата на говор (...) како индивидуално право, што, слично на правото на сопственост, не може да биде повредено, освен ако не е тесно поврзано со криминална активност“.[17] Оттука, уставно-гарантираната неповредливост на слободата на изразување во САД, истовремено значи и отежнато ограничување на оваа слобода на американските граѓани, односно таквите ограничувања се сведени исклучиво на доктрината „јасна и присутна опасност“[18]. Дополнително, на линија на заштита на слободата на изразување и не пропишувајќи јасни ограничувања, во САД е дозволено и „чисто застапување на“ незаконски дејства, како што е застапувањето расизам, со правилото Бранденбург[19], а тоа јасно и недвосмислено може да се согледа и низ случајот National Socialist Party of America v. Village Of Skokie (1977).[20] Имено, од страна на неонацисти било предложено да се одржи нивен марш во комплетна SS-униформа, со свастики, низ Скоки (предградие на Чикаго), каде што живее доминантно еврејско население, како и многу преживеани Евреи од холокаустот. И покрај тоа што локалните градски власти преземаа мерки против одржување на маршот, сепак од страна на државата и судските инстанции беа поништени мерките што според нивна оцена нанесувале

[17] Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културните разлики“, Темплум, Скопје, 2010, стр. 64.
[18] Види повеќе кај Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културните разлики“, Темплум, Скопје, 2010, стр. 65.
[19] Произлезено од случајот Branderburg v. Ohio, 395.U.S. 1969.
[20] National Socialist Party of America v. Village Of Skokie, 432 U.S. 43, 1977.

повреда на слободата на говор на неонацистите. Така, покрај јасната порака на неонацистите и намерното лоцирање на Скоки за место на нивниот марш, односно покрај истакнување од страна на Евреите дека изложувањето свастика (заб.: истакнувањето симболи може да се цени како говор на омраза) може да поттикне насилство, пониския суд одлучи дека таков марш може да се забрани, но Врховниот суд ја смени одлуката, бидејќи пониския суд погрешно заклучил дека предложениот марш ги задоволил критериумите на „поттикнување насилство“, пропуштајќи да појасни што може да го задоволи овој стандард.[21]

Но, интересно е да се наспомене дека, и покрај тоа што припаѓаат на исти правни системи базирани на прецедентното право, во Канада, за разлика од САД, како држава што исто така има истакната мултикултурна структура, но и историја на расизам, постојат ограничувања на слободата на изразување со цел да се балансира во заштитата на човековите права. Еден од случаите што укажува на тоа е Malcolm Ross v. Canada[22], каде што еден наставник беше отстранет од своето работно место поради јавните дискриминаторски изјави кон Евреите и јудаистичката вера. Одлуката на канадските судови за ограничувањето на слобода на изразување во овој случај беше идентична со мислењето на Комитетот за човекови права дека „ограничувањата може да бидат дозволени во врска со изјави што се со природа на подигнување и зацврстување на антисемитските чувства, со цел да се заштити еврејската заедница“[23], а со тоа и правото на заштита од религиозна омраза, при што од страна на Комитетот јасно беа земени предвид намерата на наставникот и неговата социјална позиција.

Наспроти овие држави чиишто правни системи се базирани на прецедентното право, европските држави чиишто правни системи се базирани на континенталното право имаат поинаков пристап кон говорот на омраза, односно настојуваат на балансирање на судирачките права и овозможуваат ограничување на слободата на изразување кога тоа, истовремено, значи и сторување повреда на достоинството и правата на другите. Во таа насока, и обидите за зачувување на демократската традиција, но и доследен рестриктивен однос кон различните дискриминирачки и исклучувачки активности, може да се посочат германските законодавство и судска практика со говорот на омраза. Имено, прогресивните позиции на оваа држава, со цел да го помири минатото на опресија и масовните злосторства сторени за време на Втората светска војна (холокаустот), јасно се согледуваат во третманот на говорот на омраза, како низ законските решенија, така и низ одлуките на судовите. Еден од случаите што е референтен за оваа теза е случајот „Лут“[24] од 1958 година, кога на отворањето на Германската филмска недела, претседателот на Hamburg Press Club, господин Лут, агитираше за бојкотирање на режисерот Вајт Харлан (популарен во нацистичкиот период), подоцна во печатот истакнувајќи дека „враќањето на Харлан може само да ги отвори раните што се одвај зацелени и да ја оживее недовербата фатална за реконструкцијата на Германија“, односно дека „не е само право, туку е и должност на сите чесни Германци да протестираат против, дури и да го бојкотираат, овој срамен претставник на германската филмска индустрија“, при што судот во Хамбург му забрани да продолжи со агитацијата, но поднесената жалба до Уставниот суд од страна на Лут беше уважена и ја поништи забраната на судот во Хамбург.[25]

Од останатите законодавни решенија за спречувањето и казнувањето на говорот на омраза,

[21] Повеќе за случајот види кај Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културните разлики“, Темплум, Скопје, 2010, стр. 68-69.
[22] Human Rights Committee, Malcolm Ross v. Canada, Communication No. 736/1997, 18 October 2000, para. 11.5.
[23] Цитирано кај Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, Strasbourg, 2009.
[24] BvefGE 7, 198, 1958.
[25] Цитирано кај Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културните разлики“, Темплум, 2010, Скопје, стр. 74.

опфатени со законодавствата на земјите-членки на ЕУ, како примери може да се посочат и оние на Данска, Франција, Холандија и Велика Британија. Така, во Данска, тоа е решено со член 266 (б) од Кривичниот законик, со што се предвидува криминализација на „изразување и ширење на расна омраза“; во Франција, пак, тоа е решено со дел од Законот за медиуми (1881), со кој се криминализира поттикнувањето на расна дискриминација, омраза и насилство врз основа на припаѓањето или неприпаѓањето на етничка, национална, расна или религиозна група, додека со Кривичниот законик се криминализираат сличните дејства во приватна комуникација; во Холандија, како земја-бастион на слободата на изразување, тоа е решено со член 137 (ц) и 137 (д) од Кривичниот законик, со што се забрануваат јавни и намерни навреди, како и впуштање во вербално, пишано и илустрирано поттикнување омраза врз основа на раса, религија, сексуална ориентација или лични убедувања; и, конечно, во Велика Британија тоа е решено со Актот за јавен ред (1986), каде што во поглавјето 18(1) се вели дека „лице кое користи заканувачки, злоупотребувачки или навредливи зборови или се однесува така, односно шири пишани материјали што се заканувачки, злоупотребувачки или навредливи, ќе биде виновно за навреда ако а) има намера да побуди расна омраза или б) ги има предвид сите околности што можат да побудат расна омраза“, како и во поглавјето 5 од истиот Акт за јавен ред, каде што се наведува дека е казниво ширењето и користењето на заканувачки, злоупотребувачки или навредувачки зборови „на места каде што можат да бидат слушнати од страна на лице кое може да се вознемири поради нив“.

### *Показатели за идентификација*

Низ проследувањето на механизмите на меѓународното право во врска со говорот на омраза, како и воспоставените стандарди во казнувањето и превенцијата на овој тип на абразивен говор, може да се забележи основната тешкотија што произлегува од потребата за балансирање помеѓу различните фундаментални права што се судираат. Имено, како низ напорите на националните законодавства за попрецизни пропишувања на ограничувања на слободата на изразување од една страна, а од друга основите и околностите по кои определени изразувачки активности можат да се ценат како говор на омраза, така и низ судската практика и заклучоците во врска со гаранциите на некои права, можат да се согледаат предизвиците околу идентификувањето на говорот на омраза. Имено, се користат неколку показатели при идентификацијата на говорот на омраза, имајќи предвид дека државите имаат различен пристап и односните страни (судии, обвинители, медиуми, новинари, граѓански организации) користат различни показатели во конкретни случаи:

- намера,

- содржина/контекст,

- последици/забранети резултати.[26]

[26] Види повеќе во д-р Елена Михајлова, д-р Јасна Бачовска, м-р Томе Шеќерџиев, „Слобода на изразување и говор на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2013, стр. 33-34.

# 2. ЗАКОНСКА РАМКА И МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА ОД ГОВОР НА ОМРАЗА ВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот. Согласно Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Се гарантира слободата на вероисповедта, како и право на припадниците на националностите слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Уставот ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основа на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во Република Македонија не постои посебен закон со кој детално е опфатена и уредена материјата на говорот на омраза, што особено би ги разработил дефиницијата, заштитата и начините на превенција од говор на омраза. Овој феномен првпат е инкриминиран со донесувањето на Кривичниот законик од 1996 година. Меѓутоа, во Кривичниот законик нема кохерентен и конзистентен член, со затворена листа на карактеристики, што детално го опфаќа говорот на омраза. Согласно Кривичниот законик[27], елементи на говор на омраза можат да се најдат во член 179, што гласи: „тој што со намера за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и припадниците на заедниците кои живеат во Република Македонија, ќе се казни со парична казна“ и член 319: „тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките или верските симболи, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг начин ќе предизвика или ќе разгори национална, расна или верска омраза, раздор или нетрпеливост, ќе се казни со затвор од една до пет години“. Став 2 од член 319 определува дека тој што делото од став 1 го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства кон луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Дополнително, говорот на омраза е криминализиран под специфични услови во член 417, став 3, согласно кој тој што шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува на расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години. Одредба што го инкриминира говорот на омраза преку компјутерски систем се наоѓа во член 394-г, односно тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички

[27] Кривичен законик на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014.

и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија што помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или која било група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години. Доколку тој што го врши делото го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства кон луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Говор на омраза претставува и секое одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства. Имено, член 407-а од Кривичниот законик гласи: „тој што по пат на информационен систем јавно ги негира, ги минимизира, ги одобрува и оправдува геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства со намера да поттикне омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба ќе се казни со затвор од една до пет години. Доколку негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години“.

Кривичното дело говор на омраза може да се пријави во Министерството за внатрешни работи или, пак, да се поднесе кривична пријава до надлежното основно јавно обвинителство. Говор на омраза на социјалните мрежи може да се пријави до одделението за електронски криминал при Министерството за внатрешни работи. Согласно Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари[28], говор на омраза на спортски натпревари може да се пријави на полициските службеници присутни на натпреварот или, пак, во Министерството за внатрешни работи.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација[29], за дискриминација се смета секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, што создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин или го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи (член 5, став 4). Согласно член 7 од Законот, вознемирувањето и понижувачкото постапување претставуваат повреда на достоинството на лице или на група на лица што произлегува од дискриминаторска основа и има за цел или резултат повреда на достоинството на одредено лице или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Дополнително, согласно член 9, како дискриминација ќе се смета и секоја активност со која некое лице, директно или индиректно, повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува друго лице да изврши дискриминација. Во кој било од горенаведените случаи може да се поднесе претставка за заштита од дискриминација/вознемирување до Комисијата за заштита од дискриминација. Претставката се поднесува во рок од три месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето за актот на дискриминација.

[28] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“, бр. 89/2004; 142/2008; 135/2011; 27/2014).

[29] Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 50/2010; 127/2010; 44/2014; 150/2015).

За случаите на говор на омраза на радио и телевизија, согласно Законот за медиуми[30] (член 4), забрането е со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, да се поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Во случај на повреда на овој член од законот, може да се поднесе претставка до надлежното регулаторно тело, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[31], посочувајќи ги програмата, конкретниот медиум, датумот и периодот на емитување на програмата. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно директорот на Агенцијата, може да ги преземе следните мерки: да донесе решение со кое ќе го опомене; да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат во текот на годината; да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[32].

За случаите на говор на омраза во медиумите од страна на новинари кои се членови/членки на Здружението на новинари на Македонија, може да се поднесе претставка до Советот на честа[33] на Здружението на новинарите на Македонија. Овој совет ги поставува и брани принципите на етичното, балансираното и објективното новинарство што ги почитува човековите права, при што целосно се запазува слободата на уредувачката политика на медиумот. По разгледување на претставката, доколку Советот на честа утврди повреда на начелата и одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија, јавно реагира и ја осудува ваквата повреда.

За разлика од Советот на честа на ЗНМ, што реагира на прекршување на етичкиот кодекс од новинарите, Советот за етика реагира на прекршувањата од медиумите и медиумите ќе мораат да ги прифаќаат и објавуваат одлуките на Советот.

Советот за етика во медиумите на Македонија функционира како невладина организација чијашто работа има за цел саморегулација на медиумите преку примена на морални санкции кон оние што не ги почитуваат професионалните стандарди и Кодексот[34] на новинарите. Во рамки на Советот постои советодавно тело – Комисија за жалби[35], што разгледува жалби од граѓани, правни лица и други претставници на јавноста во врска со објавените содржини во медиумите, посредува меѓу лицата кои упатиле жалба и уредникот, односно медиумот на чијашто содржина се однесува жалбата, и донесува одлуки по жалбите во врска со евентуални прекршувања на Кодексот. Жалбата може да се поднесе против одреден медиум, додека анонимни жалби и жалби против поединечни новинари не може да се поднесуваат.

Комисијата за жалби разгледува и жалби против медиуми што не се членови на СЕММ. Процедурата и за овие жалби е иста како онаа што се применува за членките на СЕММ, со таа разлика што наместо одлука, Комисијата донесува мислење за случајот. Своите одлуки и мислења, Комисијата за жалби ги објавува на својата интернет-страница и испраќа соопштенија до сите медиуми, членки и нечленки на СЕММ.

---

[30] Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/2013 и 13/2014).
[31] Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/2013 и 13/2014).
[32] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014 и 132/2014).
[33] Правилник за избор и за работа на Советот на честа на ЗНМ, достапно на: http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/437.
[34] Кодекс на новинари, достапно на: http://semm.mk/pravna-ramka/kodeks.
[35] Деловник на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија, достапно на: http://semm.mk/komisija-za-albi/delovnik.

Согласно горенаведеното, се констатира дека Република Македонија формално-правно има воспоставено правни и независни механизми за заштита, меѓутоа законската рамка овозможува прешироко толкување на говорот на омраза, со што ја оневозможува имплементацијата на кривичните одредби. Како што е посочено во последното поглавје:

- Судскиот систем не го препознава делото токму од причини што одредбите се широко дефинирани и бараат попрецизно толкување и познавање на феноменот. Во услови кога судството не ги препознава или користи добрите практики од случаи во Европскиот суд за човекови права, речиси е невозможно да се направи национална судска практика што во иднина би служела за подобрување на пристапот до права и правда на жртвите на говор на омраза. Дополнително, независните механизми што би требало да имаат контрола врз медиумите честопати се критикувани за нивните пристрасност, нефункционалност и незаинтересираност да преземат поголема заложба за казнување на медиумите што поттикнуваат или шират говор на омраза.

- Соработката со НВО-секторот изостанува во целост, а со тоа се потврдува политиката на неказнивост и игнорирање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните од страна на надлежните органи.

# 3. ПРИМЕРИ НА ГОВОР НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во македонската практика на говор на омраза и откривање и гонење на делата сторени од омраза недостига основниот пристап на нивното разликување како посебен облик на криминал. За жал, не постои ни посебно набљудување и известување, како и некакви статистики за овие извршени кривични дела, од страна на државата. Полицијата не води никакви посебни евиденции, па дури и во кривичните пријави не се нотира постоење на мотив за омразата, иако во одделни случаи постојат јасни индиции дека извршителот на овие дела постапувал со такви побуди. Од добиените резултати од прашалниците за добивање информации од јавен карактер добиени од надлежните судови и основните јавни обвинителства во Република Македонија, забележлива е тенденцијата да се избегнува или да им се дава поблага квалификација на случаи на предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ). За периодот од 2011 до 2014 година, има само една правосилна пресуда на територијата на Република Македонија за ова кривично дело.

Причините за неприменување на законските одредби се комплексни и се должат на фактот дека судската практика има резервиран став во однос на прифаќањето на концептот на дело извршено од омраза.

Посебен проблем и причина за поттикнување говор на омраза, па и дела од омраза, е политичката идеологија на етнонационализам кога доминира со политиката. Таквата политичка идеологија, отворено или индиректно, промовира глорификација на својата култура и ширење предрасуди до демонизација на другите култури и етнонации, што е основа за ширење говор на омраза. Состојбата во Македонија последниве години доби такви димензии во политиката и тоа го следеше интензивно зголемување на говорот на омраза и делата од омраза.

Постои постојан притисок врз системот на казнена правда, од каде што, пак, се гледа дека судството не е независно, а со тоа се намалуваат неговите капацитети за објективно, независно и непристрасно постапување во овие случаи. Казнено-правните забрани на говорот на омраза се фокусирани на инкриминирање на злоупотребите на слободата на изразување што се состојат во поттикнување насилство.

Поставувањето на соодветен казнено-правен концепт на делата и говорот на омраза, како облици на криминал, претставува еден од основните услови за воспоставување на демократска правна држава, што е заснована на принципот на почитување на човековите слободи и права и нивната еднаквост, како и врз правото на толеранција во едно плуралистичко и мултиетничко општество. Овој концепт ја претставува правната рамка што е од суштинско значење за превентивните и репресивните активности на општеството за спречување на дискриминацијата, омразата и предрасудите кон одредени малцински или маргинализирани групи, што, пак, можат да доведат до поинтензивни облици на нетолеранција и насилство...

Во однос на медиумите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да забранува програмски содржини што поттикнуваат на национална, расна или верска омраза и нетолеранција и на правните лица и одговорните уредници да им изрекува парични казни за прекршок што се состои во емитување програми насочени кон поттикнување на национална, расна, полова и верска омраза. Во досегашната практика, и покрај многубројните емитирани или пренесени содржини, Агенцијата нема изречено ниту една прекршочна санкција. Од другите мерки (писмена опомена, привремена забрана итн.) предвидени во споменатиот, Агенцијата (порано Совет за радиодифузија) има изречено само две „неформални предупредувања“ (на ТВ „Сител“ и МРТ) и една забрана за емитирање реклами во траење од два дена („Канал 5“ за говор на омраза на емисијата „Миленко Неделковски шоу“).

Во македонската практика на органите надлежни за превенција од говорот на омраза и негово спречување, постои игнорантски однос кон примената на овие законски забрани, а тоа се покажува од малиот број на регистрирани случаи што се гонат кривично. Поради овој факт, иако ги имаме на располагање судските статистики за периодот од 2011 до 2014 година, што докажуваат дека е особено мал бројот на поведени судски постапки, од нив не можеме да дојдеме до реален заклучок за големината и распространетоста на овој општествен проблем, што, пак, се одржува во услови на висок степен на политички и меѓуетнички тензии.[36]

Како резултат на ова, во последните години сѐ повеќе може да се забележи повикување на меѓуетнички судири на спортски натпревари, палење знамиња, повикување преку социјалните мрежи на насилно спротивставување на акции на државните органи. Реакцијата на судовите на овие однесувања е во најмала рака премногу блага, најчесто со голема медиумска покриеност на инкриминираниот настан, а се алудира на тоа дека тој настан е само изолиран инцидент што не треба да се земе за практика во општеството.

За ваквите однесувања, со кои се поттикнува омраза или насилство, засновани врз раса, националност или религиозна припадност, Законот за спречување на насилство и несоодветно однесување на спортски натпревари во член 13 и 14 пропишува прекршоци, меѓутоа во практиката нема или, пак, се сосема ретки случаите кога има спроведено поведување на прекршочна постапка против извршителите на делата.

Во македонското казнено законодавство концептот на дело сторено од омраза почна да се применува со новите измени на КЗ од 2009 година, со кои се применува општата одредба за одмерување на казната (член 39, став 5), а со која одредба како отежнувачка околност при одмерувањето на казната за секое сторено кривично дело, судот треба да го има предвид сторувањето на делото против лице или имот врз некоја од заштитените основи. Сторувањето на казнено дело, независно кое, врз ваква дискриминаторска основа, треба да претставува отежнувачка околност при одмерувањето на казната, односно при уважување на оваа околност казната што ќе биде пропишана треба да биде поблиску до нејзиниот максимум отколку до нејзиниот минимум.

Имајќи ја предвид судската статистика на случаи по овие основи, јасно е дека делото не се препознава или игнорира, со што се оневозможува судска практика како основа за унапредување на правото во оваа насока.

[36] Анализа на податоци од прашалниците собрани од сите судски инстанции, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, доставени во формат на барање на информации од јавен интерес согласно Законот за пристап до информации од јавен интерес.

Согласно собраните податоци од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права од платформата за бележење говор на омраза во реално време (www.govornaomraza.mk) и за разлика од недостигот на судската практика, јасно е дека во Република Македонија говорот на омраза како феномен е значително застапен, особено по основа на етничка припадност и сексуална ориентација. Процесот на документирање/бележење говор на омраза на интерактивната веб-платформа официјално почна во април 2014, а до крајот на јули 2015 година, во кој период беа поднесени вкупно 237 пријави, од кои 103 беа потврдени, а 90 пријави беа верификувани. Разликата од 13 потврдени пријави се однесува на пријави каде што е посочено дека постои основа за говор на омраза, но поради недостиг на информации преку кои може да се верификуваат, тие се бележат во посебна категорија што не влијае на крајниот резултат од изведената статистика. Најголем дел од пријавите на платформата беа поднесувани од 20 волонтери распоредени да ги опфатат градовите во осумте неадминистративни региони[37]. Податоците извлечени од платформата укажуваат на фактот дека говорот на омраза е присутен во сите региони, а во најголем дел е застапен на социјалните мрежи и интернет-базираните медиуми. Поради природата на феноменот, волонтерите бележеа говор на омраза во јавниот простор на локално и централно ниво преку документирање графити (види Графикон 1).

Статистичките податоци од категориите што се претставени на платформата, согласно Кривичниот законик на Република Македонија, покажуваат дека:




Графикон 1: Основи, пријави и процентуална застапеност

* Како други основи за говор на омраза се сметаат: политичка припадност, социјално потекло, семејна/брачна состојба, имотен и општествен статус. Иако според меѓународните стандарди овие основи не се заштитена неменлива категорија, авторите на анализата, земајќи ги предвид општествените околности во државава, сметаа за корисно да ги земат предвид и да ги анализираат случаите пријавени според овие основи.

- Најголем број пријави се однесуваат на категорија подведена како говорот на омраза врз основа на етничка припадност/верска припадност/јазик/националност.
- Како втора категорија со најголем број пријави се јавува говорот на омраза поради пол/род/сексуална ориентација и родов идентитет.
- Најголем број од пријавите беа поднесени по повеќе основи и честопати во пријавите за објавен текст, коментар или друга содржина на социјалните мрежи и медиуми може да се

[37] Под неадминистративни региони се подразбира територијалната поделба на Република Македонија на: Полошки, Пелагониски, Скопски, Североисточен, Вардарски, Источен, Југозападен и Југоисточен регион.

сретнат повеќе основи на говор на омраза. Односно, во голем дел од пријавите беа на две основи истовремено, и тоа по основа на сексуалната ориентација и етничката припадност.

- Графиконот што согласно пријавите ги мери параметрите за ескалација на говорот на омраза потврдува дека оваа појава е тесно врзана со политичките програми што содржат националистички дискурси, а влијаат во гласачкото тело. Како примери и согласно месечните извештаи на Комитетот, говорот на омраза ескалирал најмногу за време на предвремените парламентарни и редовни претседателски избори. Потоа, за време на постизборниот период или по објавувањето на пресудата за обвинетите во случајот „Смилковско Езеро".

- Особено е загрижувачка активната кампања за зголемување на хомофобијата преку промоција на т.н. традиционални вредности од страна на извршната власт. Оваа кампања несомнено резултира со пораст на бројот на пријави на платформата по основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Ваквата кампања, покрај говорот на омраза, резултира и со уште еден напад врз ЛГБТИ-заедницата за време на јавен настан (види Графикон 2).[38]




Графикон 2: Зголемување на говор на омраза во одредени временски интервали по месеци

- Говорот на омраза е индиректно стимулиран од извршната власт честопати преку провладините медиуми кога врши етикетирање на поединци или групи кои се дел од граѓански движења, формални и неформални иницијативи на социјалните мрежи и медиуми. Бројот на графити што содржат говор на омраза исто така е поврзан со актуелните општествено-политички случувања. Загрижува податокот дека голем дел од овие графити се насочени кон припадници на етнички и маргинализирани групи. Но, исто така, забележан е пораст на графити што содржат нацистички симболи што се поврзуваат со изразената националистичка реторика и пропаганда што произлегува од извршната власт.

Хелсиншкиот комитет редовно реагира за трендовите на пораст на говор и дела од омраза во Република Македонија преку следење на говорот на омраза во реално време, известување на јавноста за податоците преку месечни и годишни извештаи и поднесување на соодветни кривични пријави. Особено загрижува тоа што надлежните институции, како што се Јавното обвинителство

[38] Двомесечен извештај за состојбите со човековите права на МХК: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/861/Dvomesecen_izvestaj_noemvri_dekemvri_2014.pdf стр. 4.

и одделението за електронски криминал при Министерството за внатрешни работи, не заземаат проактивна улога во намалување или спречување на говорот на омраза[39]. Исто така, загрижуваат податоците дека и покрај зголемената присутност на говорот на омраза и неговата рефлексија во сериозен број на сторени дела и инциденти од омраза, не ги мотивира надлежните институции да ја анализираат и соодветно да ја санкционираат оваа појава. Хелсиншкиот комитет, заедно со Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", до Јавното обвинителство има доставено три кривични пријави за ширење говор на омраза кон ЛГБТИ-лицата, од кои две пријави беа поднесени по стапувањето на сила на новиот Закон за кривична постапка. За првата пријава, што беше поднесена пред 2,5 години согласно одредбите на стариот Закон за кривична постапка, сè уште немаме добиено одговор, додека за последните две пријави добивме негативен одговор од ОЈО Скопје, во кој беше наведено дека пријавените кривични дела не се дела што се гонат по службена должност. Ваквите решенија беа обжалени до ВЈО Скопје, што одлучи за еден случај да го потврди ставот дека конкретниот случај не е дело што се гони по службена должност, поради тоа што нема елементи на говор на омраза, а во вториот случај одлучи дека ОЈО Скопје нецелосно го истражило случајот, поради тоа што постојат елементи на говор на омраза, и предметот го врати назад на повторно постапување пред ОЈО Скопје. Ваквиот став на ВЈО Скопје претставува своевиден преседан, поради тоа што од досегашната практика произлегува дека по кривичните пријави за говор на омраза или не се постапува или, пак, се отфрлаат без притоа да се спроведе целосна и сериозна истрага. Сепак, ваквиот став на обвинителот од ВЈО Скопје засега претставува изолиран случај, што треба да биде следен и од останатите јавни обвинители кои постапуваат по пријави за говор на омраза. Покрај судската заштита, локалните самоуправи не преземаат навремени мерки за отстранување на графитите со говор на омраза, иако како носители на извршни јавни функции имаат обврска да спречат ширење омраза. Генералното молчење на сите релевантни институции за овој феномен, може да биде разбрано и како одобрување за сторителите кои, доколку не бидат соочени со стореното дело, би можеле да го повторат или да сторат криминал од омраза во зависност од основата кон која имаат субјективен став и омраза.

Согласно горенаведеното и анализата на собраните податоци, одговорите на поставените две тези од интерес за истражувањето укажуваат на следното:

1. Република Македонија има прецизна, јасна и дефинирана правна рамка за говор на омраза

Моменталната правна рамка има потреба од појасно дефинирање на говорот на омраза како кривично дело. Кривичниот законик (со отворена листа на карактеристики што се штитат), делумно погрешно ги дефинира говорот на омраза разводнувајќи ја ефикасноста на борбата против него. Хелсиншкиот комитет цени дека со раздвојување и појасно дефинирање на феномените ќе се овозможи подобра судска практика и пристап до правда за жртвите на говор на омраза. Дополнително, ќе овозможи полесен пристап до информации на судиите кои ги процесираат овие дела, како и правните застапници на жртвите. Поради недостиг на судска практика, судовите треба да обрнат особено внимание на судските одлуки на Европскиот суд за човекови права, особено затоа што Република Македонија се обврзала да ја почитува Европската конвенција за човекови права и е полноправна членка на Советот на Европа.

[39] Двомесечен извештај за состојбите со човековите права на МХК: http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/861/Dvomesecen_izvestaj_noemvri_dekemvri_2014.pdf стр. 4.

2. Граѓаните имаат пристап до ефикасни и ефективни механизми за заштита од говор на омраза

Имајќи предвид дека согласно статистичките податоци добиени од сите судски инстанции на територијата на Република Македонија во период од три години е изречена само една судска пресуда, имајќи го предвид недостигот на статистички податоци во Министерството за внатрешни работи, на особено внимание на содржината во медиумите и на објективен пристап во казнените политики на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се констатира дека граѓаните немаат ефикасни и ефективни механизми за заштита од говор на омраза. Јасно е дека Јавното обвинителство не поведува постапки против лица од јавниот дискурс кои често говорат омраза, а често не постапува ниту по поднесени кривични пријави за говор на омраза, што укажува на постоење на неефикасен и неефективен правен лек. Имено, Јавниот обвинител има службена должност да поведе постапки и по допрен глас, но во изминатите две години не ја искористил оваа можност. Дополнително, по поднесените кривични пријави не се произнесол, со што го ограничил пристапот до правда на жртвите на говор на омраза. Оттука, може да се заклучи дека се потребни суштински и системски промени во пристапот до ефикасни и ефективни механизми за заштита од говорот на омраза, а со цел заштита на правата и еднаков третман на граѓаните во пристапот до правдата, а заклучокот што се наметнува од ова е дека Македонија има мошне слаба ефективност на пристапот до механизмите за заштита од говорот на омраза.

# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Формално-правната рамка за препознавање и санкционирање на говорот на омраза е непрецизирана и не овозможува јасна рамка за дефинирање и опфат на говорот од омраза, со што не создава услови за развој на судската практика.

2. Независните механизми за заштита од говор на омраза во медиумите не го препознаваат говорот на омраза и не ги санкционираат сторителите.

3. Говорот на омраза пренесен или поттикнуван по електронски пат забележува висок раст во изминатите две години, додека нивото на санкционирање на сторителите под надлежност на Министерството за внатрешни работи (одделение за електронски криминал) изостанува.

4. Независните и надворешните механизми за заштита од говорот на омраза во медиумите не посветуваат особено внимание на етичките и професионалните стандарди во новинарството, иако медиумите често се генератори на негативните трендови во говорот на омраза.

5. Министерството за внатрешни работи не располага со статистички податоци за говорот на омраза.

6. Јавното обвинителство во случаи на говор на омраза не постапува по службена должност, а и не покажува интерес за соодветно и навремено постапување по поднесени кривични пријави.

7. Министерството за образование и наука нема предвидено програми за подигнување на свеста кај младите за говорот на омраза како општествен феномен.

8. Незадоволително ниво на обученост за препознавање и санкционирање на говорот на омраза за полициски службеници, судии, јавни обвинители и адвокати и спроведени обуки од страна на релевантните органи.

9. Кривичниот законик не предвидува алтернативни мерки или санкции за сторителите на говор на омраза.

10. Недостигаат јавни кампањи за препознавање на говорот на омраза и превенција од него во јавниот простор, со што свеста за феноменот кај граѓаните е значително ниска.

# ПРЕПОРАКИ

1. Република Македонија има слаба формална рамка за препознавање и санкционирање на говорот на омраза. Судската практика и принципот на неказнување укажуваат на потребата за кодифицирање и појасно дефинирање на членови во Кривичниот законик што го опфаќаат ова дело. Дополнително, имајќи предвид дека сексуалната ориентација како основа не е прецизирана, а според статистичките податоци е втора основа на омраза во државата, треба да биде наведена експлицитно.

2. Независните механизми за заштита на говорот на омраза во медиумите, како што е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да ги применуваат своите надлежности непристрасно, а воедно да заземат проактивна улога во осудување на говорот на омраза во јавниот дискурс.

3. Министерството за внатрешни работи и одделението за електронски криминал да заземат проактивна улога во спречувањето на говорот на омраза пренесен или поттикнуван по електронски пат. Воедно, да воспоставaт подобра соработка со локалните самоуправи и да потсетуваат на надлежностите за отстранување на говорот на омраза од јавните површини.

4. Министерството за внатрешни работи да почне водење на статистика и податоци за основите на говор и криминал од омраза согласно препораките на Мисијата на ОБСЕ, што во последните три години го доставиле ова барање во извештаите за напредокот на демократијата и човековите права во Република Македонија како рамноправна членка на оваа организација.

5. Јавното обвинителство да го зголеми својот интерес и да постапува по службена должност и поднесени кривични пријави за говор на омраза согласно надлежностите.

6. Изработка и воведување на програми против говор на омраза во средните и основните училишта во Република Македонија и зголемена работа со млади во соработка на Министерството за образование и наука со невладините организации што работат на оваа тематика.

7. Спроведување обуки за полициски службеници, судии, јавни обвинители и адвокати со цел подигнување на свесноста, препознавање и разбирање на феноменот на говорот на омраза, вклучително и за судската практика на Европскиот суд за човекови права во оваа област.

8. Казнените одредби во Кривичниот законик треба да понудат и алтернативни мерки за казнување на сторителите. Практични примери за доброволна работа во невладини организации со сторителите согласно основата на омраза кон индивидуа или група даваат поголеми резултати во процесот на реинтеграција и рехабилитација на сторителите покрај изречената затворска или парична казна.

9. Потребна е поголема ангажираност од страна на извршната власт во промоција на вредности како еднаквост, рамноправност и толеранција на различности и едукативна содржина за јавноста при препознавање на говорот на омраза.

10. Медиумите и новинарите треба да имаат ригорозни механизми за проверка и отфрлање на говорот на омраза во информациите што ги шират. А медиумите и новинарите кои поттикнуваат или шират говор на омраза мора да бидат соодветно санкционирани според Кривичниот законик. Здруженијата на граѓани, Советот на етика на медиумите и синдикатите на новинарите да ја преземат водечката улога во воспоставување на високи етички и морални стандарди во пишувањето и информирањето на јавноста.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


1. Weber Anne, “Manual on hate speech”, Council of Europe, 2009.

2. д-р Елена Михајлова, д-р Јасна Бачовска, м-р Томе Шеќерџиев, „Слобода на изразување и говор на омраза“, ОБСЕ, Скопје, 2013.

3. “Homophobia and Discrimination on Grounds of Sexual Orientation in the EU Member States Part I – Legal Analysis” (European Union Agency for Fundamental Rights), June 2008.

4. Михајлова Елена, „Говорот на омраза и културните разлики“, Темплум, Скопје, 2010.

5. Двомесечен извештај (ноември-декември) за состојбите со човековите права на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2014.


**Закони и други акти:**


1. Кривичен законик на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014.

2. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“, бр. 89/2004; 142/2008; 135/2011; 27/2014).

3. Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија“, бр. 50/2010; 127/2010; 44/2014; 150/2015).

4. Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/2013 и 13/2014).

5. Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/2013 и 13/2014).

6. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014 и 132/2014).

7. Правилник за избор и за работа на Советот на честа на ЗНМ.

8. Кодекс на новинари.

9. Деловник на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија.

**Меѓународни документи:**

1. Договорот за функционирање на Европската унија, 2007.

2. Директивата 2000/43/ЕС на Советот на ЕУ за имплементација на принципите на еднаков третман помеѓу луѓето независно од нивната раса и етничкото потекло, 2000.

**Линкови:**

1. www.govornaomraza.mk

2. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:12012E/TXT

3. http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32000L0043:en:HTML

4. http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/437

5. http://semm.mk/pravna-ramka/kodeks

6. http://semm.mk/komisija-za-albi/delovnik

7.http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/861/Dvomesecen_izvestaj_noemvri_dekemvri_2014.pdf стр. 4